Мисија на Христоделфијаните за Библијата

**Д О П И С Е Н   К У Р С**

Лекција 4

## ВРАЌАЊЕТО НА ИСУС ХРИСТОС НА ЗЕМЈАВА

За тие кои ја прифаќаат Библијата како Збор од Бог, нема сомнеж дека Исус ќе се врати, како што тоа јасно го ставаат на знаење следниве пасуси:

*"Затоа што Човечкиот Син ќе дојде во славата на својот Татко со неговите ангели, и тогаш тој ќе го награди секого според тоа што направил."* (Матеј 16:27)

Тој ќе дојде како судија:

*"Во тоа време тие ќе го видат Човечкиот Син како доаѓа во облак со моќ и голема слава."* (Лука 21:27).

*"Видете, тој доаѓа со облаците, и секое око ќе го види него, дури и тие кои го прободеа; . . ."* (Откровение 1:7).

Тој ќе дојде во видлива форма, и со моќ:

*"Овој истиов Исус кој беше земен од вас и однесен во небесата, ќе се врати назад на истиот начин на кој што го видовте да оди во небесата."* (Делата 1:11).

*". . .така Христос беше жртвуван еднаш за да ги отстрани гревовите на многу луѓе; и тој ќе се покаже по втор пат, не за да носи грев, туку за да донесе спасение за тие кои чекаат на него."* (Евреите 9:28).

Кога ќе се врати ќе ги крене мртвите и ќе им суди на тие кои слушнале за Евангелието и го имаат прифатено или отфрлено, и ќе ги награди вистинските верници со спас од смрт, давајќи им вечен живот.

Многу Христијани веруваат дека пред Христос да се врати светот ќе биде променет со проповедање на Евангелието, и дека ќе има големо религиозно заживување. Гледајќи на светот од сегашново време, такво нешто изгледа многу неверојатно за во иднината која можеме да ја предвидиме, а всушност Библијата и не вели дека тоа ќе се случи. Напротив, Апостолот Павле пишува дека во последните денови (времето токму пред враќањето на Христос) ќе има зголемување на незнаењето за Бог, и луѓето ќе ги засакаат задоволствата повеќе отколку што ќе го сакаат Бог (2 Тимотеј 3:1-6). Во овие стихови имаме опишување на свет кој е многу сличен на светот од денешново време и, ако ги прифатиме зборовите на Павле, можеме да видиме дека ситуацијата во светот може да биде дури и полоша отколку што е сега.

Некои зборови од Исус го потврдуваат тоа:"Кога Човечкиот Син ќе дојде, ќе најде ли вера на земјава?" (Лука 18:8). Одговорот на тоа прашање се чини дека е: додека ќе има такви кои однапред ќе се радуваат и надеваат на неговото враќање, повеќето луѓе или ќе бидат во незнаење за тој голем настан, или, и покрај тоа што ќе имаат слушнато за тоа, сепак ќе ги свртат своите грбови и ќе го игнорираат сето тоа.

## Кога ќе се врати Христос?

За тие неколку кои се надеваат на враќањето на Исус, природно е да се прашуваат колку долго мора да чекаат. Ќе биде ли неговото враќање скоро, или ќе треба да се чека многу? Самите ученици биле загрижени за ова, и му рекле на својот Учител, "Кажи ни̂ кога ќе се случи ова, и кој ќе биде знакот за твоето доаѓање и крајот на времето?" (Матеј 24:3). Во паралелите кои ги наоѓаме во записите од Лука можеме да прочитаме како Исус пред се́ ги предупредил за уривањето на Ерусалим од страна на римската војска, и за растерувањето на Евреите низ сите делови од Римската империја, каде повеќето од нив ќе бидат предадени во ропство. Ова се случило во 70 НЕ (По Христос).

*"Кога ќе го видите Ерусалим опколен од армии, ќе знаете дека неговото опустошување е близу. . . Ќе има големи немири и несреќи и гнев против овие луѓе. Ерусалим ќе биде газен од Неевреите (луѓе кои не знаат за Бог) се́ додека времето од Неевреите не се исполни."* (Лука 21:20-24).

Како исполнување на ова предвидување, многу векови Ерусалим е под власт на различни освојувачи Неевреи, Римјани, Персијанци, Арапи, Крстоносци, Турци. Во 1917 Турците биле истерани и Британската армија влегла во Ерусалим, но во 1948 Британците ја предаваат контролата, и Евреите го означуваат основањето на Државата Израел. Ова било проследено со војна помеѓу Арапите и Евреите, која се завршува со поделба на Ерусалим помеѓу Израел и Јордан. Во 1967 имало друга војна, "Шестдневната Војна", за време на која Израел го презема Стариот Град, кој бил во рацете на Јорданците, и Ерусалим повторно е соединет.

Оттогаш па до денеска Ерусалим престанал да биде "газен од Неевреи", и изгледа дека "времето на Неевреите" сега навистина е близу до исполнување. Ако продолжиме со читање на Лука 21, ќе најдеме дека Исус зборува за доаѓање на време на стресови, нации кои ќе бидат "во големи болки и збунетост". Потоа тој рекол:

*"Во тоа време ќе го видат Синот Човечки како доаѓа во облак со моќ и голема слава. Кога овие нешта ќе почнат да се случуваат, станете и кренете ги вашите глави, затоа што вашиот спас се приближува."* (Лука 21:27,28).

## Враќањето на Евреите

На ова можеме да го додаме пасусот од прорекувањето на Езекиел кое се однесува на враќањето на Евреите во нивната сопствена земја:

*"Јас ќе ги изнесам Израелците надвор од нациите во кои што заминале. Јас ќе ги соберам од секаде и ќе ги донесам назад во нивната сопствена земја. Јас ќе ги направам нив една нација во земјата, на планините од Израел. Ќе има еден цар над сите нив . . ."* (Езекиел 37:21,22).

Овој "цар" не може да биде никој друг освен Исус. Кога беше распнат, беше напишано на крстот "Исус од Назарет, Царот на Евреите" (Јован 19:19).

Повторното заживување на Евреите како нација, и ослободувањето на Ерусалим од силата на Неевреите, се јасни знаци дека враќањето на Христос не може да биде далеку. За период од речиси две иљади години Ереите беа раселени низ целиот свет, често прогонувани, мразени и потценувани. Но во последниве стотина години се случи волшебна промена во нивната среќа. Сега има преку три милиони Евреи во Израел. Тие го зборуваат својот стар јазик, кој со векови бил

зборуван само во нивните синагоги како мртов јазик, и Ерусалим е сега во најголем дел Еврејски град.

Овие изненадувачки настани се предупредување дека мора да бидеме спремни за скорото враќање на Господ Исус Христос. Дали сме спремни да го сретнеме? Дали сме спремни да "станеме и ги кренеме нашите глави, затоа што нашиот спас се приближува?" (Лука 21:28).

Во нашата наредна лекција ќе имаме повеќе да кажеме за Евреите според тоа каков план има Бог за нив, а понатака ќе објасниме зошто апостолот Павле ја опишал својата вера како "надежта за Израел".

## Заклучок

Исус лично ќе се врати на земјава, во време на проблеми и несреќи, и зголемено неверување во Бог. Враќањето на Евреите во нивната стара земја е знак дека неговото враќање не е далеку.

## Прашања

4.1 При крајот на секоја глава од 1 Солуњани (првото писмо до Солуњаните), Апостол Павле го спомнува враќањето на Христос. Најдете ги и напишете ги стиховите (во форма "1:10" и сл.)

4.2 Кои знаци кажуваат дека враќањето на Христос не е далеку?